Врз основа на член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), член 16 став (3) од Законот за енергетика *(„Службен весник на Република Македонија” бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и членови 14 и 24 став (1) точка 2) од Статутот на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија бр.01-391/2 од 26 август 2011 година и бр.01-374/6 од 19 март 2019 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 11 февруари 2021 година, донесе:

# П Р А В И Л Н И К

**за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**

## Член 1

Во Правилникот за внатрешна организација на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија бр. 01-3402/1 од 12 ноември 2019 година во членот 5 по точката 4. се додава нова точка 5. која гласи:

„5. Советник за административни работи и финансии на претседателот и членовите на Реглаторната комисија за енергетика;“

Точката 5. станува точка 6.

## Член 2

Во членот 7 по точката 4 се додава нова точка 5. која гласи:

„ 5. Советник за административни работи и финансии на претседателот и членовите на Регулаторната комисија за енергетика

- извршува најсложени задачи што бараат посебна самостојност и стручност и иницира и предлага ставови по начелни прашања од обласа на административни работи и финансии кои се од надлежност на Регулаторната комисија за енергетика;
- дава личен придонес при оформувањето на ставовите и мислењата за прашања кои бараат одлуки од највисоко ниво во Регулаторната комисија за енергетика;
- го советува претседателот и членовите на комисијата за решавање на најсложени прашања од областа на административните работи и финансиите;
- врши контрола на интерни акти и дава насоки при подготовка на мислења, анализи, информации и извештаи за истите;
- изготвува стручни мислења и појаснувања за прашања од областа на административните работи и финансиите;
- дава насоки и мислења при подготовка на закони и подзаконски акти

Точката 5 станува точка 6.

**Член 3**

Прилогот 1  се заменува со нов Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе отпочне да се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. 01-202/1
11 февруари година
Скопје

**Заменик претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика**
**и водни услуги на Република Северна Македонија**
**Enver Elmazi**

Прилог 1



РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЧЛЕН
ЧЛЕН
ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
ЧЛЕН
ЧЛЕН
ЧЛЕН
СОВЕТНИК ЗА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА
СОВЕТНИК ЗА ПРАВНИ РАБОТИ
СОВЕТНИК ЗА ЕКОНОМСКИ РАБОТИ
СОВЕТНИК ЗА ПРИРОДЕН ГАС ТЕЧНИ ГОРИВА И ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА
СОВЕТНИК ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ И ФИНАНСИИ
ВНАТРЕШЕН РЕВИЗОР
СТРУЧНА СЛУЖБА НА РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СЕКТОР ЗА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МРЕЖНА ИНФРАСТРУКТУРА, ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ И ОДНОСИ СО КОРИСНИЦИ
СЕКТОР ЗА ПРИРОДЕН ГАС, ТЕЧНИ ГОРИВА И ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРИРОДЕН ГАС, ТЕЧНИ ГОРИВА И ОДНОСИ СО КОРИСНИЦИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПАЗАР НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА И ОДНОСИ СО КОРИСНИЦИ
СЕКТОР ЗА ВОДНИ УСЛУГИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕКОНОМСКИ РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА ВОДНИТЕ УСЛУГИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ТЕХНИЧКИ РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА ВОДНИТЕ УСЛУГИ
ПРАВЕН СЕКТОР
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НОРМАТИВНО-ПРАВНИ РАБОТИ И ЛИЦЕНЦИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРИГОВОРИ И ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИ
ЕКОНОМСКИ СЕКТОР
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕКОНОМСКИ РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕКОНОМСКИ РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА ПРИРОДЕН ГАС, ТЕЧНИ ГОРИВА И ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА
СЕКТОР ЗА МОНИТОРИНГ, ИСТРАГИ И ПРЕКРШОЦИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МОНИТОРИНГ НА ЕНЕРГЕТСКИ ПАЗАРИ , АНАЛИЗИ И ПУБЛИКАЦИИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИСТРАГИ И ПРЕКРШОЦИ
СЕКТОР ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА И СТАТИСТИКА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИТ ПОДДРШКА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ НА СОФТВЕРСКИ ПРОГРАМИ
СЕКТОР ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ, ЛОГИСТИКА, ФИНАНСИСКИ И ОПШТИ РАБОТИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ОПШТИ РАБОТИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКО-СМЕТКОВОДСТВЕНИ РАБОТИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЛОГИСТИКА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ